РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Државен просветен инспекторат
Број. 09-40/3
25-27.11.2024
Кавадарци

| | |
|---|---|
| Средно Општинско Земјоделско Шумарско Училиште „ Ѓорче Петров“ - КАВАДАРЦИ | |
| Извештај од извршена интегрална евалуација | |
| Датум на интегрална евалуација: | 25, 26 и 27.11.2024 година |
| Број на извештај: | 209-40/1 /Вардарски регион/2024 година |
| Раководител на инспекциски тим: | Радица Лазова |
| Вид на училиштето: | Средно |
| Подрачни училишта | / |
| Основач на училиштето: | Општина Кавадарци |
| Наставен јазик: | Македонски |
| Број на ученици: | 342 |
| Полова структура на ученици: | 89 машки и 253 женски |
| Број на наставници: | 43 |
| Претседател на училишниот одбор: | Ефремчо Николов |
| Директор на училиштето: | Ратка Росомански |
| Датум на претходна интегрална евалуација: | 10-12.12.2018 година |
| Адреса на училиштето: | Ул: „Шишка“ бр.23 - Кавадарци |
| Телефон: | 043/412-180 |
| Факс: | / |
| e-mail: | ou-gjorchepetrov-kavadarci@schools.mk |
| Оценка ИЕ | 3,09 |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласност со членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013 , 41/2014 и 33/2015 I 145/2015) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006)

# РЕЗИМЕ

Воспитно - образовната работа во СОЗШУ „Ѓорче Петров “ – Кавадарци се реализира според наставните планови и програми за средно стручно образование и тоа, наставни планови и програми од сектор (струка) за шумарство и обработка на дрво; земјоделство, рибарство и ветеринарство; здравство и социјална заштита,со квалификации (профили): шумарски техничар,техничар за пејзажен дизајн; техничар за мебел и ентериер; агротехничар; техничар за фитомедицина; фармацевтски техничари и истите се во согласност со програмските документи изготвени од Бирото за развој на образование и Центарот за стручно образование и обука, а одобрени од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот по седумте подрачја за квалитет на воспитно образовниот процес, разговорите водени со различните фокус групи, посетата на наставните часови, анализа на доставените прашалници, тимот на државни просветни инспектори констатира дека квалитетот на целокупната работа во СОЗШУ „Ѓорче Петров“ – Кавадарци е на ниво 3,09 е добро[1].

Во СОЗШУ „Ѓорче Петров“ – Кавадарци, наставните програми од практичната настава се реализираат во рамки на училиштето, во училишни работилници, училишна лабораторија и кај работодавец. Училиштето има добра соработка со компании каде ученици реализираат дел од практичната настава, како на пример: во винарски визби, земјоделски аптеки, расадници, шумски стопанства, цвеќарници, здравствени аптеки и други установи со кои што училиштето има многу тесна соработка при изведувањето на практичното образование во кои спаѓаат: практичната обука, учењето преку работа, феријалната пракса и содржините програмирани од училиштето кои што во своите наставни планови и програми ги реализираат наставниците.

Училиштето изведува практичната настава за учениците од земјоделско – ветеринарната струка, шумарско – дрвопреработувачката струка и здравствената струка. Од редот на компаниите со кои СОЗШУ „Ѓорче Петров“ -Кавадарци има добра соработка при изведувањето на практичната настава, преку директно потпишување на Меморандуми за соработка на почетокот од учебната година, се следниве компании: Винарска визба „Тиквеш“– Кавадарци, Винарија „Милев “од с. Трстеник, „Кав – Комерц“ и „Агро Кав -Комерц“, респектабилна компанија за откуп и извоз на трпезни сорти на грозје, земјоделските аптеки: , „Агротомил“, „Ентома“, „Викторија Кристал“, „Расадник ПИНУС“ од Кавадарци, ЈП „Национални Шуми“, „Ником ДОО“, „ДПТУ Анис трејд“, „ДОО Пинус Хумани“ аптеки: „Зегин“, „Дијана“, „Апидо Фарм“, „Ремедика“, „Бела Фарм“.

Во СОЗШУ „Ѓорче Петров “ – Кавадарци има ученици со посебни образовни потреби кои се вклучени во редовната настава. Формиран е училишен инклузивен тим со Одлука бр.01 – 498/1 од 27.08.2024 г. составен од: директор, специјален едукатор и рехабилитатор, психолог,

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

педагог, тројца наставници и еден член од редот на родители, односно старатели. За потребите на работата на училишниот инклузивен тим изготвени се следните документи: програма за инклузија на ученици со посебни образовни потреби со акционен план, Програма за работа со ученици со потешкотиии во учењето со акционен план , Програма за работа со надарени и талентирани ученици со акционен план. Воспоставени се процедури како на пример: процедура за откривање на ученици со посебни образовни потреби, процедура за изработка и следење на ИОП, процедура за грижа за хронично болни ученици, процедура за грижа за ученици со физичка попреченост. За сите ученици со ПОП изготвени се соодветни документи: План за поддршка (прво ниво) за ученици со потешкотии во учење и ИОП – интензивирана поддршка (второ ниво ) за ученици со категоризација.

Во училиштето е формиран и училишен тим за ментално здравје, со Одлука. бр. 03-643/2 од 24.10.2024 год., составен од: директор, психолог, педагог, специјален едукатор и рехабилитатор, четири наставника, двајца родители, односно старатели и два ученици. За потребите на работата на училишниот тим за ментално здравје изготвена е програма за работа и акционен план.

Составен дел на Годишната програма е и програмата „Интеграција на еколошката едукација во Македонскиот образовен систем“ каде е имплементирано интегрираното планирање во наставата со еко-содржини во дел од наставните предмети.

Училиштето нема партнер училиште од МИМО, сепак во училиштето се планирани самостојни МИО активности на ученици со мешан етнички состав за време на класен час и други наставни предмети и на тој начин се реализираат содржини од МИО проектот. Исто така се реализира и програма од„ Образование за животни вештини “.

Во училиштето многу добро се реализираат воннаставни активности согласно дадените содржини и динамика во Годишната програма за работа на училиштето во која се вклучени голем број на ученици. Во училиштето активно функционира новинарски клуб со своја програма и активности. Учениците во СОЗШУ„ Ѓорче Петров“ –Кавадарци се вклучени во воннаставни активности преку членство во различни секции: еколошкасекција; млади физичари, историскасекција, хемискасекција, информатичкасекција,слободни активности од јазично-уметничко подрачје, секција за странски јазици, литературна секција, драмско-рецитаторска секција,библиотекарска секција; секција за аранжирање. Како една од најактивните секции е секцијата за прва помош која бележи и големи резултати на натпревари.

Училиштето има формирано Училишен спортски клуб „Ѓорче Петров“-Кавадарци, запишан во Централниот регистар на Република Македонија на 11.03.2014 година. Училишниот спортски клуб нема добиено од страна на Федерацијата на училишен спорт на Република Македонија потврда за исполнување на условите за вршење на дејност-училишен спорт и не е вклучен во системот на натпревари кои ги организира наведената федерација. Во рамките на Училишниот спортски клуб може да функционираат повеќе спортски школи од повеќе спортски дисциплини. Во моментов активна е само кошаркарската школа, во која активно членуваат 30 ученици.

Во училиштето има две дисперзирани паралелки за кошарка како дел од ДЦУ Спортска академија. Во овие паралелки се запишани ученици од повеќе градови од: Струмица, Гевгелија, Прилеп, Неготино, Кочани и др. Овие паралелки ги користат објектите, просториите за настава од училиштето, како и наставниот кадар од СОЗШУ „Ѓорче Петров“ – Кавадарци.

Средниот општ успех на училиштето за последните три учебни години изнесува: за учебната 2021/22 година - 4,02 , во учебната 2022/23 година - 4,15 и во учебната 2023/24 година е 4,21 .

Од податоците од извршените анализи на редовноста на учениците во последните три години се забележува тренд на зголемување на изостаноците.

Во последните три учебни години, годината ја повторувале: во 2021/2022 учебна година повторувал еден ученик, во учебната 2022/2023 година повторувал еден ученик, и во учебната 2023/2024 година повторувале двајца ученици. Во последните три години, во однос на осипување на ученици од училиштето евидентирани се двајца ученици.

Како превенција од насилство, училиштето има изготвено Правилник за превенција и интервенција при насилство, злоупотреба и занемарување со одлука бр.01-220/1 од 21.02.2024 година и Протокол за спречување и постапување во случај на насилство со одлука бр. 08-220/2 од 21.02.2024 година.

За изведување на воспитно-образовниот процес училиштето има 24 училници, 9 кабинети, спортска сала со 2 спортски терени, библиотека и други простории. Училиштето не располага со доволен број на нагледни средства, наставни помагала по соодветните наставни предмети, но библиотечниот фонд е особено збогатен во последните три учебни години претежно со лектири и учебници.

Училишниот одбор ги извршува своите статутарни надлежности и презема конкретни чекори за идентификување на состојбите.

Училиштето активно соработува со Локалната самоуправа од која добива финасиска поддршка и на тој начин значително ја подобрува инфраструктурата во училиштето.

Образовната политика на училиштето е предвидена со Годишната програма за работа за учебната 2024/25 година и истата е утврдена на состанок на Училишен одбор заведена под бр. 01-494/1 од 26.08.2024 година.

Посебен документ за образовната политика е и донесената Програма за развој на училиштето со Одлука на Училишен одбор со бр.01-282/1 од 27.05.2022 година. Во Програмата за развој јасно се определени целите и приоритетите за развој на училиштето. Тие се концизни и јасни и се насочени кон подобрување на условите во училиштето и квалитетот на наставата.

Документот за извршената самоевалуација на работата на училиштето е донесен со одлука на Училишниот одбор заведено со бр. 01-742/1 од 11.12.2023 год..

Статутот на училиштето е донесен од Училишниот одбор на СОЗШУ „Ѓорче Петров" - Кавадарци, со Одлука бр.01-663/1 од 30.10.2024 година, а од МОН е добиена согласност со Решение бр. 18-12020/2 од 15.11.2024 година.

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

СОЗШУ„Ѓорче Петров" - Кавадарци е средно општинско училиште во чиј состав работат паралелки од стручно образование. Училиштето се наоѓа во централното градско подрачје на ул. „Шишка", бр.23 - Кавадарци.

Дејноста за образување на кадри од областа на земјоделството и шумарството во Македонија датира од 1945 година кога во тогашното Државно средно техничко училиште „Здравко Цветковски" Скопје се формираат две паралелки од шумарската струка. Во Кавадарци во 1956 година се пренесува Шумарскиот техникум и со формирање на уште две паралелки од гимназијата се формира ново Земјоделска шумарска школа „Иво Рибар – Лола„ Кавадарци.

Училиштето е основано од страна на Народниот одбор на Титовелешката околија со решение бр. 14982 од16.07.1956 година. Подоцна со измена на Законски прописи пренесено е основачкото право на Народниот одбор на Општина Кавадарци. Промените кои следеле во образовната политика се рефлектират во 1965 кога лозаро- шумарско училиште „Иво Рибар – Лола" - Кавадарци на 24.11.1965 година се реинтегрира во две средни училишта за да започнат со работа од 01.01.1966 година тоа:

- Шумарско училишен центар Иво Рибар – Лола Кавадарци со следните насоки: шумарска, дрвопреработувачка и холтикултурна.
-Лозаро винарско училиште „Тошо Велков Пепето„ Кавадарци.

По независноста на Република Македонија во 1993 година, училиштето го променува името во Земјоделско Шумарски Училишен Центар Ѓорче Петров Кавадарци. Во 1970 година изградена е оранжерија за изведување на практична настава од смер, пејзажна архитектура. Во 1989 година изградена е работилница з изведување на практична настава за учениците од дрвопреработувачка струка. Со одлука на Влада на Р. Македонија во 2002 година доделена е шума за специјална намена во месноста Михајлово за изведување на практична настава.

Дејноста на училиштето верифицирана со Решение од МОН - дел бр. и дата:
Бр. 13-3522 од 10.06.2020г –техничар за фитомедицина, бр.13- 35 20 од 10.6.2020г – агротехничар, бр. 13-3521 од 10.06.2020г – техничар за агроменаџмент, бр. 13- 3431 од 10.06.2020г – фармацевстски техничар, бр. 13-3516 од 10.06.2020г – шумарски техничар, бр. 13- 3517 од10.06.2020г – техничар за пејзажен дизајн, бр. 13- 3518 од 10.06.2020г – техничар за обработка на дрво, бр.13 – 3519 од 10.06.2020г – техничар за мебел и ентериер, бр. 12 – 7448/3 од 16.07.2018г – шумар –тригодишно образование, бр.12- 1165 од 07.07.2016г – градинар –цвеќар тригодишно образование.

Дејноста на училиштето е запишана во Централниот регистар на РМ на 14.09.2007 година и е регистрирано како општинско училиште.

Наставата во СОШУ„Ѓорче Петров “ - Кавадарци се реализира во сопствен објект изграден од тврда градба со вкупна површина на зграда 4422м$^2$, дворната површина изнесува 3190м$^2$, површина на спортска сала 650м$^2$.

Училиштето од I до IV година го посетуваат 342 ученици од кои 89 машки и 253 женски, распоредени во 23 паралелки од кои во: секторот шумарство и обработка на дрво има 8 паралелки од нив 4 се комбинирани, во секторот земјоделство, рибарство и ветеринарство има 11 паралелки од кои 3 се со тригодишно образование и во секторот здравство и социјална заштита има 4 паралелки.

Затоплувањето на просториите во училиштето е со централно парно греење, со нафта. Санитарните јазли се целосно реконструирани во многу добра состојба, направени по високи стандарди, но пристапна рампа или прилагодени тоалети за ученици со физички хендикеп нема.

Наставата ја реализираат 43 наставници и 4 стручни соработници и сите се со соодветно образование согласно Законот и Нормативот. Од сите 43 наставници, 2 наставници се приправници на кои им е одреден ментор.

Наставата се реализира на македонски наставен јазик.

Пред почетокот на учебната година извршени се сите хигиенско-технички подготовки за успешен почеток на учебната година, а извршена е и ДДД заштита.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1. Реализација на наставните планови и програми

Во Средното Општинско Земјоделско Шумарско Училиште „ Ѓорче Петров “ – Кавадарци се реализираат наставни планови и програми за стручно образование.

Во стручното четиригодишно образование се реализираат наставните програми од сектор за: шумарство и обработка на дрво, земјоделство, рибарство и ветеринарство, здравство и социјална заштита со квалификации: шумарски техничар/техничар за пејзажен дизајн, техничар за мебел и ентериер, агротехничар, техничар за фитомедицина и фармацевтски техничар, чија реализација е добра. Во СОЗШУ „Ѓорче Петров “ – Кавадарци, има дуални паралелки и тоа во: во секторот шумарство и обработка на дрво (во квалификацијата шумарски техничар/техничар за пејзажен дизајн во сите четири години; во квалификацијата техничар за мебел и ентериер во прва, втора и трета година; во квалификацијата агротехничар, во прва, втора и трета година и квалификацијата фитомедицина во прва, втора и трета година.

Наставните планови и програми се реализираат целосно, а бројот на реализирани часови по наставни предмети задолжително се внесуваат во тримесечните, полугодишните и годишните извештаи. Во СОЗШУ „Ѓорче Петров“ – Кавадарци, наставните програми од практичната настава се реализираат во рамки на училиштето во: училишни работилници, училишна лабораторија и кај работодавец. Соработката на училиштето со компаниите е добра со нив училиштето има добра соработка, со: винарски, визби, земјоделски аптеки, расадници, шумски стопанства, цвеќарници, здравствени аптеки и други установи при изведувањето на практичнното образование во кои спаѓаат: практичната обука, учењето преку работа, феријалната пракса и содржините програмирани од училиштето во своите наставни планови и програми ги реализираат наставниците. Училиштето ја изведува практичната работа за учениците од земјоделско – ветеринарната струка, шумарско – дрвопреработувачката струка и здравствената струка. Од редот на компаниите со кои ова училиште има добра соработка при изведувањето на практичната настава преку директно потпишување на Меморандуми за соработка на почетокот од учебната година се следните компании: Винарска визба Тиквеш – Кавадарци, Винарија Милев од с. Трстеник, Кав – Комерц и Агро Кав Комерц, респектабилна компанија за откуп и извоз на трпезни сорти на грозје, Земјоделските аптеки, Агротомил, Ентома, Викторија Кристал, Расадникот ПИНУС од Кавадарци, ЈП национални Шуми, Ником ДОО, ДПТУ Анис трејд, ДОО Пинус , Хумани аптеки: Зегин, Дијана, Апидо Фарм, Ремедика,Бела фарм .

Родителите се запознаваат со наставните планови и програми кои се реализираат во СОЗШУ „Ѓорче Петров “ – Кавадарци на првата родителска средба во септември од страна на класните раководители, на сопствено барање на родителите и за време на индивидуалните средби со предметните наставници. Учениците се запознаваат со целите на наставните планови и програми преку предметните наставници, по пројавен интерес на родител, преку веб-страната на училиштето, http:/https://www.sozsugjp.edu.mk/ и преку изготвена брошура.

Во СОЗШУ „Ѓорче Петров “ – Кавадарци има ученици со посебни образовни потреби кои се вклучени во редовната настава.Формиран е училишен инклузивен тим со Одлука бр.01 – 498/1 од 27.08.2024 г. составен од: директор, дефектолог, психолог, педагог, тројца наставници и еден член од редот на родители односно старатели. За потребите на работата на училишниот

инклузивен тим се изготвени следните документи: програма за инклузија на ученици со посебни образовни потреби со акционен план, Програма за работа со ученици со потешкотии во учењето со акционен план , Програма за работа со надарени и талентирани ученици со акционен план. Воспоставени процедури: Процедура за откривање на ученици со посебни образовни потреби, процедура за изработка и следење на ИОП, Процедура за грижа за хронично болни ученици, процедура за грижа за ученици со физичка попреченост. За сите ученици со ПОП се изготвени соодветни документи: План за поддршка (прво ниво) за ученици со потешкотии во учење и ИОП – интензивирана поддршка (второ ниво ) за ученици со категоризација.

Во училиштето е формиран училишен тим за ментално здравје со Одлука бр. 03-643/2, од 24.10.2024 год., составен од: директор, психолог, педагог, дефектолог, четири наставника, двајца родители односно старатели и два ученици. За потребите на работата на училишниот тимот за ментално здравје е изготвена програма за работа и акционен план.

Училиштето има воспоставена процедура за избор на наставен предмет од листата за изборни предмети според наставниот план за средно стручно образование. Постапката на избор на изборен предмет се применува во целост. Изборот на изборни предмети се спроведува преку анкетирање на учениците и родителите од понудената листата на изборни предмети дадени во наставните планови од кои учениците избраат еден изборен предмет.

Училиштето на учениците од средно стручно образование образование им ги нуди содржини програмирани од училиштето за кои Бирото за развој на образованието има изготвено програми. За оваа учебна година изборот е извршен преку анкети реализирани во септември за ученици од прва година. За учениците од втора, трета и четврта година изборот се врши при крајот на учебната година, односно најдоцна до 10 јуни за да можат да се формираат групи и изготви распоредот на часови за претстојната учебна година. Голем дел од наставниците ги планираат и организираат содржини програмирани од училиштето согласно насоките и упатствата дадени од Бирото за развој на образование.

Од резултатите на реализираните анкети, учениците од средно стручно образование од прва година избрале содржини програмирани од училиштето и тоа: „Светско наследство во рацете на младите“ додека пак учениците во втора година од содржини програмирани од училиштето одбрале „Планирање на кариера“, во трета година ја избрале содржината програмирана од училиштето „Подготовка за вработување и работа“ и во четврта година, „Активно барање на работа“ и „Презентациски вештини“.

Учениците на крајот од втора, односно трета година од понудените изборни предмети се определуваат за еден од следните изборни предмети: „Животна средина и одржлив развој“, „Индустриски дизјан“, „Производство на јаки алкохолни пијалаци“, „Бизнис и претприемништво“, „Технологии на растително органско земјоделство“, „Организација на земјоделска аптека“, „Биологија“, „Математика“, „Урбано шумарство – шумарски техничар“, „Лековити и зачински растенија – техничар за пејзажен дизајн“, „Физика“, „Органско растително производство“, „Винарство“, „Технологии на растително органско земјоделство“, „Биологија“, „Организација на земјоделска аптека“, „Козметологија“, „Информатика“ и „Математика“.

## 1.1. Квалитет на наставните планови и програми

Родовата и етничката застапеност се целосно рамноправни при реализацијата на наставните програми и воннаставните активности во училиштето. Во училиштето во изминатите три учебни години запишани се ученици од следната етничка припадност: во 2021/22 година бројот на македонци бил 270 , бројот на роми изнесувал 34, имало 3 турци, 2 срби, 1 албанец и 1 грк; во 2022/23 учебна година бројот на македонци изнесувал 265, од кои 6 ученици турци, 35 роми, 3 срби, 2 албанци и 1 украинец; во 2023/24 учебна година имало 280 македонци, 3 турци, 27 роми, 2 срби и 1 украинец. Во тековната учебна 2024/25 година бројот на македонци бил 307 , бројот на роми изнесувал 32, имало 2 турци и 2 срби.

Од разговорите со наставниците и стручните соработници се констатира дека наставните содржини поттикнуваат мултикултурна сензитивност, родова и етничка рамноправност меѓу учениците.

Постојат примери за интегрирање на особеностите на локалната заедница во голем број на програми, со кои се планираат и реализираат одредени содржини преку набљудување, вежби, практична настава и др. Одредени содржини кои се од значење на локалната заедница наставниците ги планираат во годишните програми преку одбележување на значајни празници, учество на јавни манифестации и прослави од локален и регионален карактер.

Родителите, учениците и наставниците сметаат дека недостатокот на учебници за учениците по некои предмети од стручното образование се одразува на квалитетот на реализирањето на наставните содржините, како и постигнувањата на учениците.

Поголем дел од наставниците сметаат дека одделни наставни програми се преобемни и потребна е нивна ревизија. Учениците, наставниците и родителите сметаат дека неделниот фонд на часови е преобемен, со голем број на наставни предмети и обемни наставни програми. На наставниците им е овозможено нивните забелешки за наставните планови и програми, во електронска форма да ги доставуваат до Министерството за образование и наука и Центарот за стручно образование и обука, но оваа можност недоволно се користи. На состаноците на совет на родители, родителите ги изнесуваат своите забелешки во однос на наставните планови и програми.

## 1.3. Воннаставни активности

Училиштето нуди воннаставни активности во рамките на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2024/2025 година заведена со дел.бр. 01-494/1 од 26.08.2024 година. Учениците за нив се определуваат по сопствен избор. Голем број на ученици учествуваат барем во една воннаставна активност.

Во училиштето постои ученичка заедница која има изготвено Програма за работа за учебната 2024/2025 година, заведена со арх.бр. 03-601/1 од 26.09.2024 година преку која се реализираат проекти со учениците на различни теми и од различни области. Организирани се хуманитарни акции како дел од програмата за работа на стручната служба (психологот, педагогот и специјалниот едукатор и рехабилитатор) во соработка со невладините организации, со Црвен крст, дебати на актуелни теми за младите, спречување на насилство во училиштето, предавања за заштита од заразни болести, едукативни предавања за одбележување на светски денови за превенција од различни болести (дијабетес, карцином на дојка, машко здравје, гојазност, женско здравје и др.) , во кои активно се вклучени учениците, наставниците и докторот од здравствената струка во училиштето, работилници за инклузија на ученици со посебни образовни потреби во редовното образование (поим за инклузивно образование, месец на дислексија, меѓународен ден на лица со попреченост; ден на аутизам, ден на даунов синдром сл). Во соработка со Црвен крст организирани се работилници: „Превенција од болести на зависност - наркоманија, алкохолизам “, „Превенција и заштита на менталното здравје“, „Стоп за трговија со луѓе“, „Превенција од болеста туберкулоза“ и др.

Училишната заедница е активна со спроведување на голем број на активности која ги организира и успешно ги спроведува преку: изведување на хуманитарни акции за социјално загрозените семејства, донирање на облека, ученички прибор, организирање на екскурзии донирање на финансиска помош на учениците кои доаѓаат од социјално и финансиски загрозени семејства.

Учениците се вклучени во културни и спортски манифестации на ниво на училиште или локално ниво. Во училиштето има Еко одбор во кој членуваат: ученици, наставници и родители. Согласно програмата на проектот „Еко-училиште” во училиштето реализирани се голем број активности во изминатите три учебни години. Активностите се состојат од: чистење во училишните простории, односно отстранување на отпадот на училишниот двор, спортските терени, реализирање на „Ден на екологијата„ , одбележување на „ Светски ден за заштеда на енергија“, „Светски ден на шумите“, „Светски ден за заштеда на водите“ и др.презентации на тема од областа на заштита на животната средина, здрав живот. Се одбележуваат меѓународни денови со еко содржини преку пригодни активности од оваа област. Во сите активности активно учество земаат ученици од сите четири години под менторство на училишните наставници по биологија.

За постигнување подобри резултати во воспитно-образовната работа, училиштето и оваа учебна година остварува постојани контакти со: Локалната самоуправа, Министерството за образование и наука, Домот на културата на Кавадарци, Градскиот музеј, Здружение за заштита и унапредување на животната средина - „Еко живот“ - Кавадарци, „Младински културен центар “, невладино здружение „ Креактив“и многу други стопански субјекти од градот и републиката.

Во училиштето планирани се активности од здравствената заштита на учениците, општествено корисна работа, активности на ученичката заедница и ученички екскурзии.
Ученичките екскурзии како вонаставни активности, училиштето ги организира и изведува во согласност со Правилникот за организирање на ученички екскурзии со дел.бр. 07-9992/3 од 05.06.2014 година и истите се планирани и се реализираат во текот на учебната година. Родителите активно учествуваат во нивната организација и остварување.

Иако училиштето нема партнер училиште од МИМО, сепак во училиштето се реализирани самостојни МИО активности на ученици со етнички мешан состав за време на класен час.

Во училиштето активно функционира новинарски клуб со своја програма и активности. Училиштето има формирано Училишен спортски клуб - „Ѓорче Петров“-Кавадарци, заведен во Централниот регистар на Република Македонија на 11.03.2014 година. Училишниот спортски клуб нема добиено од страна на Федерацијата на училишен спорт на Република Македонија потврда за исполнување на условите за вршење на дејност-училишен спорт и не е вклучен во системот на натпревари кои ги организира наведената федерација. Во рамките на Училишниот спортски клуб може да функционираат повеќе спортски школи од повеќе спортски дисциплини. Во моментов активна е само кошаркарската школа, во која активно членуваат 30 ученици.

Во училиштето има две дисперзирани паралелки за кошарка како дел од ДЦУ Спортска академија. Во овие паралелки се запишани ученици од повеќе градови : Струмица, Гевгелија, Прилеп, Неготино, Кочани и др. Овие паралелки ги користат објектите, просториите за настава , како и наставниот кадар од СОЗШУ „Ѓорче Петров“ – Кавадарци.

Учениците во СОЗШУ„ Ѓорче Петров“ –Кавадарци се вклучени во вонаставни активности преку членство во различни секции: еколошкасекција; млади физичари; историска секција; хемиска секција; информатичка секција; слободни активности од јазично-уметничко подрачје; секцијаза странскијазици; литературна секција; драмско-рецитаторска; библиотекарска секција; секција за аранжирање.

Промовирањето на постигнувањата на учениците се врши при одбележување на патрониот празник на училиштето, на 2 април , отворени денови на училиштето, при заеднички

активности со други училишта, преку социјалните мрежи, веб-страната на училиштето https://www.sozsugjp.edu.mk/, локалните ТВ мрежи, училишниот весник и друго.
Воннаставните активности се добри.

# 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1. Постигања на учениците

Училиштето секоја учебна година прибира и располага со податоци според полот, по сектори и квалификации, по класови. Училиштето не располага со податоци според етничката припадност иако во училиштето учат 6,7% ученици Роми. Просечниот успех на учениците во последните три учебни години е подобрен од 4,02 за учебната 2021/22 година на 4,21 за учебната 2023/24 година. Иако во училиштето учат приближно 6,7 % Роми, училиштето не располага со податоци за нивниот просечен успех. Постигањата на учениците на државната матура по македонски јазик и литература во последните три учебни години од 3,71 во учебната 2021/22 се зголемиле на 3,92 во учебната 2022/23 и се намалиле на 3,53 во учебната 2023/24 година. Постигањата на учениците на државната матура по англиски јазик се со успех во последните три учебни години од 3,53 во учебната 2021/22 се намалил на 3,18 во учебната 2022/23 и се зголемил на 3,63 во учебната 2023/24 година.

Редовноста на учениците во последните три учебни години незначително се променила. Имено, бројот на неоправдани изостаноци по ученик во последните три учебни години од 5,17 во учебната 2021/22 се зголемил на 6,36, во учебната 2022/23 се намалил на 5,34 во учебната 2023/24 година. На крајот од првото тримесечје во тековната учебна година бројот на неоправдани изостаноци по ученик е 2,79.

Училиштето не располага со податоци за бројот на ученици на кои поведението им е намалено од примерно на добро или незадоволително по основ на неправдано отсуствување од наставата или несоодветно однесување.

За успехот, редовноста и поведението на учениците се прибираат и споредуваат податоци, но не се прават анализи со препораки и акциски планови со конкретни активности и мерки за подобрување. За постигањата, редовноста и поведението на учениците се дискутира на наставничките совети и се даваат воопштени препораки за подобрување на истите. Училиштето ги евидентира и постигањата на вонредните ученици кои го дооформуваат своето образование во училиштето, но истите не се анализираат. Има потреба од издржани анализи и акциски планови со конкретни активности и мерки за подобрување на постигањата, редовноста и поведението на учениците.

Училиштето има Програма за работа со надарени и талентирани ученици со која се планира нивно идентификување, поддршка и наградување. Согласно програмата се формира тим а идентификувањето го прават наставниците и стручните соработници додека поддршката е преку реализираната додатната настава и наградувањето преку пофалници, дипломи или пригодни награди. Нема инструмент за идентификување на овие ученици, но има изготвен образец за извештај од страна на наставниците. Во последните три години во училиштето не се идентификувани надарени и талентирани ученици.

Во училиштето има формирано инклузивен тим на училиштето и инклузивни тимови на ученик, за 12 ученици од кои 7 тимови за ученици со стручна проценка според МКФ. Училиштето има: Програма за инклузија на ученици со посебни образовни потреби и Програма за работа со ученици со потешкотии во учењето со кои се опфатени сите категории на ученици со посебни образовни потреби. Училиштето има и Процедура за идентификација на ученици со ПОП со соодветни инструменти (за идентификација на разни облици и категории на

потешкотии и попречености) и Процедура за изработка и следење на ИОП според кои се врши: идентификување преку набљудување и проценка со соодветни инструменти, информативни и советодавни разговори со родителите и наставниците, формирање на инклузивни тимови за ученик, изготвување на ИОП, следење на нивниот напредок и други видови на поддршка. Во изминатите 3 учебни години во училиштето се идентификувани 37 ученици со тешкотии во учењето од кои 21 ученици со општа поддршка и 16 ученици со интензивирана поддршка и ИОП. На учениците со ПОП им се дава поддршка и од страна на стручниот соработник, специјалниот едукатор и рехабилитатор, организирани индивидуални средби согласно препораките дадени во стручните проценки според МКФ.

Дополнителната настава се остварува според потребите на учениците, непрекинато во текот на целата учебна година. Наставниците остваруваат дополнителна настава за учениците кои покажуваат потешкотии во совладувањето на наставните содржини, за учениците кои подолго време оправдано отсуствувале од наставата и за учениците кои постигнале слаб успех во учењето. Наставниците и учениците се задоволни од подобрувањето на постигањата на учениците преку дополнителната настава. За учениците кои наставната година ја завршуваат слаб успех по една или два наставни предмети, како и за учениците кои се упатени на поправен испит, се организира и изведува продолжителна настава, а за учениците од завршните години се организира консултативна настава за подготовка на учениците за полагање на државната матура и завршниот испит. Додатната настава за учениците кои покажале интерес и значителни резултати во одредени области се организирала нередовно по мал број на наставни предмети и само за учениците кои зеле учество на ученичките натпревари. Училиштето има изготвено распоред за реализација на дополнителна и додатна настава, истиот е истакнат на огласна табла во училиштето и доставен до Државниот просветен инспекторат.

На учениците со намален успех и на учениците кои нередовно ја посетуваат наставата поддршка им дава и стручниот соработник психолог. Во учебната 2021/22 година психологот повикал на советување 11 ученци и нивни родители на советување по основ на намален успех и 14 ученици и нивни родители по основ на нередовно посетување на наставата. Во учебната 2022/23 година на советување биле поканети 24 ученици и нивни родители, од кои 16 по основ на намален успех и 9 по основ на нередовно посетување на наставата и во учебната 2023/24 година на советување биле поканети 25 ученици и нивни родители, од кои 7 по основ на намален успех и 18 по основ на нередновно посетување на наставата. По основ на несоодветно однесување нема повикани ученици и родители на советување. Учениците и родителите редовно доаѓаат на закажаните советувања.

Училиштето нема пропишана политика за следење на хоризонтално и вертикално движење на учениците и покрај тоа што во изминатите три години 7 ученици преминале од една во друга образовна квалификација од ист сектор.

Училиштето не организира заеднички воннаставни активности со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето или во партнерство со училиште од друг наставен јазик, но наставниците планираат и резлизираат активности во рамките на наставата и воннаставните активности за подобрување на интеркултурните компетенциии на учениците.

## 2.2. Задржување/осипување на учениците

Училиштето преку организирани посети на основните училишта во градот, отворен ден на училиштето, како и преку промоција на училиштето по социјалните мрежи и во локалните

медиумите, ги запознава родителите и учениците во основните училишта со можностите што им се нудат на учениците при оформувањето на средното образование во училиштето.

Во училиштето учат ученици од Кавадарци и блиските села и од околните населени места: Неготино, Росоман, Гевгелија, Демир Капија и други, за кои општината има обезбедено превоз, а учениците од Гевгелија и Берово се сместени во ученичкиот дом веднаш до училиштето. Во последните три години бројот на ученици запишани во училиштето постојано се зголемува, од 314 ученици во учебната 2022/23 на 342 ученици во учебната 2024/45 година.

Училиштето уредно и редовно ја следи редовноста на учениците, но активностите кои се преземаат за подобрување на редовноста не се засновани на анализи, поради што просечниот број на неоправдани изостаноци по ученик нема тренд на планирано намалување. Документацијата за советувањата на родителите по основ на неоправдано отсуствување од наставата е уредна и целосна. Родителите и учениците навремено и редовно се повикувани на советување и истите редовно се одзиваат на поканите. Педагошките мерки по основ на неоправдани изостаноци редовно и навремено се изрекуваат. Во последните три години само двајца ученици не успеале да го дозавршат средното образование поради семејно запоставување на децата за што училиштето навремено ги известило сите надлежни установи.

Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно во друго средно училиште. Во последните три години 9 ученици преминале во друго средно училиште и 26 ученици придошле од други средни училишта. При преминување на учениците од едно во друго средно училиште се запазува постапката за уредно водење педагошка евиденција и документација и навремено доставување на информации за ученикот и истите ги зема во предвид при натамошна образовна работа со ученикот.

### 2.3. Повторување на учениците

Во учебните 2021/22 и 2022/23 година по еден ученик ја повторувал годината, а во учебната 2023/24 година двајца ученици ја повториле годината.

Училиштето ги запознава учениците и родителите со правото за поднесување жалба при задржување во иста година, односно повторување на учебната година. Во последните три учебни години нема приговори од ученици или родители по однос на оценувањето на учениците.

# 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1. Планирања на наставниците

Во училиштето нема пропишани приоди и утврдени процедури за планирање, но има воспоставени практики за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручната служба. За ученици со посебни образовни потреби има воспоставено процедура за изработка и следење на индивидуален образовен план. Исто така, има воспоставено и процедура за следење на час од страна на директор и стручни соработници. Пред почетокот на учебната година, годишните и тематските планирања на наставниците се следат од директорот и стручната служба по однапред утврден образец.

Сите наставници ја планираат редовната, практичната, додатната и дополнителната настава, но не доволно се реализира поради преобемноста на наставната програма и незаинтересираноста кај учениците особено за дополнителната настава. Дел од воннаставните активности се планираат само во Годишната програма за работа на училиштето и годишните програми на стручните активи. Сите наставници изготвуваат годишни, тематски планирања и планирање за наставен час. Годишните и тематските планирања кај голем број наставници ги содржат речиси сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот. Целите на наставата и очекуваните исходи од учењето се јасно утврдени во планирањата од сите наставници. Речиси сите наставници ги планираат критериумите за оценување во издвоен документ или во склоп на тематските планирања. Наставниците не ги користат доволно информациите од следењето и вреднувањето за ефикасно да ги планираат следните чекори во учењето. Во тематските планирања и во планирањата за наставен час сите наставници планираат конкретни активности на наставникот и активности на учениците, но планираните активности се исти за сите ученици, односно не се прилагодени на потребите на учениците. Ваквиот пристап не обезбедува ефективно користење на времето од часот, со што дел од учениците не можат да ги постигнат очекуваните резултати. Значаен дел од наставниците изработуваат индивидуални тематски планирања прилагодени на образовните потреби на различните ученици со ПОП.

Наставниците разменуваат искуства и идеи во рамки на стручните активи и на ниво на училиште изготвуваат и користат дигитални содржини.

Распоредот на редовните часови и практичната настава е направен според наставниот план и просторните и кадровските можности на училиштето. Училиштето изработува распоред за додатна и дополнителна настава, и распоред за проектни активности и содржини програмирани од училиштето.

## 3.1. Наставен процес

Голем број од наставниците користат разновидни наставни форми и методи, но истите не секогаш се прилагодуваат на индивидуалните потреби и можности на учениците и нивните стилови на учење. Наставниците работат со учениците најчесто фронтално и во групи, а повремено во парови и индивидуално. Методите што ги користат се во функција на остварување на очекуваните исходи. Наставниците користат различни приоди за сите ученици, зависно од индивидуалните способности за учење на учениците. Голем број од наставниците во процесот на учење користат дигитални презентации.

Во сите 24 училници има функционални компјутери кои наставниците ги користат за електронски дневник и дигитални презентации. Во една просторија има поставено паметна табла, во десет училници има поставено по еден паметен телевизор, а има и три проектори. Сите овие се користат од страна на наставниците за дигитални презентациии и други дигитални содржини. Во еден кабинет по информатика има 21 функционални компјутери кои учениците ги користат во процесот на учење. Сите наставниците се обучени за употреба на ИКТ, но помал број од наставниците користат ИКТ во наставата. Училиштето не располага со доволен број на компјутерски места кои би се искористиле од учениците во процесот на учење.

Задачите што се работат во училиште се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Домашните задачи ретко се прилагодени на индивидуалните потреби, можности и стилови на учење на учениците. Големиот број наставници планираат задачи и активности за сите ученици, односно изборот на задачи и активности не секогаш ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Голем број од наставниците по општообразовните предмети користат учебници, а дополнителна прирачна литература повремено, според потребите за реализирање на наставните содржини. Иако по стручните предмети во средното стручно образование немаат учебници, наставниците користат дополнителна прирачна литература и други ресурси и на учениците им обезбедуваат дидактички материјали.

Голем број наставници ги споделуваат целите на наставата и очекуваните исходи од учењето со учениците и тие им се јасни на поголемиот број ученици во секоја фаза на учењето. Поучувањето е јасно и разбирливо, соодветно на возраста, потенцијалите и предзнаењата на најголемиот број ученици. Поголем број од наставниците наставата ја реализираат со различни интерактивни методи и учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата. Се промовира градење на доверба меѓу наставниците и учениците.

Најголемиот број наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање, без да прават разлика меѓу учениците по било која основа. Наставниците не манифестираат полови, етнички, религиски и други стереотипи во комуникацијата со учениците и секогаш ги преземааат потребните мерки кога таквите стереотипи ги користат учениците.

Училиштето нема пропишана интерна процедура, но го користи правилникот од Министерството за образование и наука и инструменти за следење на наставниот процес. Секој наставник, најмалку еднаш годишно е посетуван на час од директорот и стручната служба. Постои практика новите наставници повремено да ја следат работата од колеги од училиштето. Наодите од следењето усно им се презентираат на наставниците после секој следен час.

Сите ученици ја обавуваат феријалната практика и учење преку работа кај работодавач. Работодавачите се менуваат според потребите и можностите на самите работодавачи и на учениците.

## 3. Искуства на учениците од учењето

Најголемиот број ученици и родители го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден. Изработките на учениците од разни работилници и

вонаставни активности се изложуваат на видни и соодветни места и редовно се менуваат. Секој ученик има можност да има изложен труд. Училиштето редовно им обезбедува различни материјали при изработката на летоци, изложбени паноа и постери.

Учениците сметаат дека по најголемиот број предмети се учи на интересен начин. Голем број ученици сметаат дека дел од содржините се поврзани со секојдневието, се применливи и се корисни во реалниот живот, додека речиси сите ученици сметаат дека содржините што се учат по стручните предмети се применливи и се корисни за нивното занимање. За време на часот голем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Најголемиот број наставници не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици.

Учениците имаат можност да го искажат сопственото мислење, притоа почитувајќи го мислењето на другите и не загрозувајќи ги основните човекови права. Нивното мислење се зема предвид при решавањето проблеми и при одлучувањето за работи кои се од интерес на учениците. Учениците иницираат активности и преземаат одредени одговорности во училиштето, во и надвор од наставата. Во последните три учебни години реализирни се: неколку хуманитарни акции за прибирање на средства за помош на соученици од семејства во социјален ризик, на деца со попречености, изложбени паноа со пораки до врсниците како : „Стоп за врсничкото насилство помеѓу учениците“, „Стоп за пушењето, алкохолот и дрогата“ и „Борба против трговијата со луѓе“.

Училиштето нуди разновидни активности преку кои се поттикнува и мотивира соработка меѓу учениците. Ученичката заедница активно е вкучена во реализирањето на вонаставните активности како и во разни проекти кои училиштето ги работи во соработка со други установи. Училиштето активно учествува во изготвување и реализација на проекти од Erasmus+ : во 2022 година „Зелено земјоделство“, во 2023 година „Одржливо земјоделство“ во
2024 година „Оранжериско производство на зачински, лековити и цветни растенија“ , во 2024 година „Духот на мојот регион“ .
Учениците се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во паралелката и училиштето.
Училиштето на сите ученици им обезбедува реализација на феријалната практика и учење преку работа кај работодавач.

## 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Наставниците и стручната служба ги препознаваат образовните потреби на учениците, како и потешкотиите во процесот на учење на секој ученик и преземаат конкретни активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување, креирање на план за поддршка на учениците со потешкотии во учење и индивидуални образовни планови за ученици со попреченост.
Поголем број наставници во процесот на поучување користат интерактивни методи, поретко интерактивни техники и диференциран пристап при планирањето и реализирањето на активностите на часот, со што им се дава можност на учениците со различни способности и стилови на учење да научат најмногу што можат.

## 3.5. Оценувањето како дел од наставата

СОЗШУ „Ѓорче Петров“ - Кавадарци ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Училиштето и покрај тоа што нема дефинирана политика за оценување има воспоставени добри практики. Како дел од

годишната програма за работа има Етички кодекс за оценување на постигањата на учениците. Сите наставници ги планираат критериумите за оценување, но мал број од учениците и родителите се запознаени со истите.

Поголем број наставниците користат разновидни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците користејќи табеларни листи од ученици по усвоени критериуми за оценување. Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми. Приодите во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобруваат постигањата.

Во практичниот дел од наставата, наставниците во континуитет го следат и оценуваат напредокот на учениците и со тоа оценувањето им помага на учениците да ги подобрат постигањата.

Голем број наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата. Добар дел наставници ги искористуваат информациите добиени од следењето и вреднувањето за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

# 4. Поддршка на учениците

## 4.1. Севкупна грижа за учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Училиштето нема пропишани правила за безбедност на учениците во текот на наставата во училниците, кабинетите и работилниците, ниту во училишната зграда или во училишниот двор. Кај работодавачите и во работилниците учениците користат заштитна опрема при реализација на наставните содржини за стекнување практични вештини. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, струјните места, дворот, итн.) е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците. Нема потенцијално опасни места во училиштето што не може да се избегнат (шахти, штекери, скали, лизгави површини и сл.) Во училиштето пет вработени се обучени за давање прва помош на учениците при несреќни случаи во училиштето. Училиштето има План за евакуација одобрен од Дирекцијата за заштита и спасување и во последните три учебни години изведена е симулација на евакуација и спасување во мај 2023г.

Училиштето има Протокол за спречување и постапување во случај на насилство и Правилник за превенција и интервенција при насилство, злоупотреба и занемарување во училиштето. Во правилникот се дадени сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психичко и физичко насилство. Стручните соработници во склоп на нивните планирања планираат и реализираат разновидни активности за превенција од сите видови на насилство. Механизми за постапување и справување со појавата на различните облици на насилство дадени во правилникот и протоколот доследно се спроведуваат. Во последните три учебни години поради недолично однесување на ученик кон ученик и ученик кон наставник водени се разговори со 16 ученици. Протоколот е поставен на огласната табла на училиштето. Секоја учебна година во септември раководителите на паралелките ги запознаваат учениците а на родителски средби ги запознаваат родителите за правилникот и протоколот. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на децата им приоѓаат со потребното внимание, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Наставниците, учениците и родителите се запознаени од страна на училиштето со правата за поднесување поплаки до наставниците, стручните соработници и директорот, а во случај на поплака, училиштето постапува навремено и непристрасно.

Училиштето преку разновидни активности води политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанции. Во училиштето (училишните објекти и училишниот двор) не се пуши. Во последните три учебни години не е пријавено доаѓање на ученици во училиштето во алкохолизирана состојба, или консумирање на алкохол или пак дистрибуирање и користење на наркотични супстанции. Училиштето има Протокол за постапување при сомневање за употреба или поседување на алкохол и дрога во училиштето.

Училиштето не обезбедува исхрана на учениците во рамките на училиштето. Училиштето не обезбедува увид во квалитетот на храната што им се нуди на учениците во продавниците за храна во својата непосредна околина. Но преку интегрирање на содржини за здрава храна и исхрана во наставата и вонннаставните содржини училиштето се грижи за здравата исхрана на учениците.

Училиштето има Процедура за грижа за учениците со пречки во развојот, физичка попреченост. Во училиштето во последните три учебни години во училиштето има двајца ученици со пречки во развојот/физичка попреченост. Училиштето има механизми за вклучување на соучениците во давањето помош и водењето грижа за децата со пречки во развојот/физичка попреченост. Дел од пристапите во училишните објекти се приспособени на потребите на учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Нема посебен тоалет приспособен на потребите на ученици со физичка попреченост. По потреба, за учениците со физичка повреда на нозете, училиштето прави прераспределба на паралелката во училница на првиот спрат за да им овозможи поголема пристапност.

Училиштето нема пропишани процедури или пишани акти за обезбедување на материјални средства за учениците кои поради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата и да учествуваат во воннаставните активности под исти услови како другите ученици. Но, секоја година се спроведуваат разни активности од видот на хуманитарни акции: за донирање на облека, храна и медицински интервенции. Училиштето за овие ученици редовно ги обезбедува потребните материјални средства за нивно учество во воннаставните активности од видот на излети, еднодневни екскурзии и посети на претпријатија и јавни установи. За овие ученици во соработка со деловната заедница се обезбедува бесплатно фотографирање.

## 4.1. Здравје

Најголемиот број родители, ученици и вработени се задоволни од одржувањето на хигиената во училиштето. Тоалетите се чистат редовно. Ходниците, скалите, подот во училниците и останатиот училиштен простор како и клупите се чистат по завршетокот на наставата. Прозорците, вратите и другиот инвентар се чистат два пати годишно, за време на зимскиот и летниот распуст. Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци и училиштето воспитно делува учениците да ги фрлаат отпадоците во нив. Училиштето има Протоколи за одржување на хигиената во сите простории во училишните објекти и во училишниот двор. Училиштето нема пропишана процедура или пиашан акт за постапување при појава на зарзни болести во училиштето, но во соработка со други релевантни установи превзема конкретни активности (работилници, предавања) во насока на заштита од превенција и ширење на заразни болести. Два пати годишно, пред почетокот на наставната година и пред почетокот на второто полугодие задолжително се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на целокупниот простор во училиштето. Училиштето во соработка со надлежните установи се грижи за навремено и редовно спроведување на систематските прегледи на учениците. Сите вработени редовно вршат систематски прегледи. Последниот систематски преглед за вработените е спроведен во декември 2022 година.

Училиштето има Процедура за грижа на учениците со проблеми со здравјето, хронични заболувања или потешки повреди со која се утврдува постапката за пријавување и поддршка на учениците кои заради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Поддршката на учениците се обезбедува преку обезбедување на дел од наставата во домашни услови, како и преку дополнителната настава.

Училиштето по препораки од МОН и БРО дадени во Програмата за унапредување на

менталното здравје и добросостојбата на децата и младите има формирано училишен тим за ментално здравје и Програма со акциски план за заштита и грижа на менталното здравје на учениците. Со програмата и акцискиот план училиштето последните две години планира и реализира разновидни активности (работилници, предавања и сл.) за унапредување на менталното здравје на учениците. Во претходните три и во тековната учебна година стручниот соработник психолог советодавно работел со ученици 25 ученици со социо-емоционални потреби при што постигнал одлични резултати кај поголемиот број ученици. Во изминатите три учебни години во училиштето не се детектирани ученици со емоционални тешкотии поради семејно насилство и болест во семејството, а двајца ученици се упатени до надлежна установа за дополнителна стручна помош.

## 4.2. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето во соработка со Агенцијата за вработување, деловната заедница и факултетите, на учениците им обезбедува релевантни информациите за можностите за нивно понатамошно образование, доусовршување или вработување. Училиштето на барање на факултетите организира отворени денови за факултетите за да ги презентираат можностите кои им ги нудат на учениците за нивно понатамошно образование. Подготовката што ја организира училиштето за учениците за избор на нивно понатамошно образование, доусовршување или вработување по завршувањето средното образование опфаќа: самооценување на вештините и интересите на учениците, помош во изработката на кратка биографија, подготовка за интервјуа за работа, редовно информирање на родителите и учениците за помошта што може да ја добијат во училиштето преку пишани и усни соопштенија од страна на стручните соработници во училиштето. Училиштето обезбедува поддршка на учениците за можностите за нивно понатамошно образование, доусовршување или вработување и преку поддршка од страна на 4 наставници и директорот кои поседуваат сертификати за кариерни советници, како и преку соработка Младинскиот културен центар и невладината организација „Креактив“ од Кавадарци. Соработка со Агенцијата за вработување и деловната заедница, особено со работодавачите кои обезбедуваат учење преку работа е постојана.

## 4.3. Следење на напредокот

Класните раководители водат уредна евиденција за успехот, редовноста, поведението и изречените педагошките мерки на сите ученици во класот. Наставниците одговорни за спроведување на практичната настава водат уредна евиденциија за индивиуалниот напредокот во постигањата, редовноста и поведението на сите ученици кои остваруваат практична настава.

Мал број од наставниците водат уредна евиденција за напредокот на постигнувањата на учениците, додека раководителите на паралелки до стручните соработници секој квартал доставуваат табеларни прегледи за успехот, редовноста, поведението и изречените педагошки мерки на учениците од паралелката. Стручните соработници секој квартал изготвуваат табеларни прегледи како и пишани извештаи по години, струка и по пол, но не и по етничка припадност и не се изготвуваат анализи со препораки и конкретни активности за подобрување на успехот, редовноста и поведението на учениците.

# 5.УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето се истакнува според постигањата на учениците во однос на другите средни стручни училишта во општината. Вработените со својата работа и однесување придонесуваат за целосна афирмација на училиштето. Родителите изјавија дека квалитетот на воспитно-образовниот процес и климата во училиштето се на добро ниво, хигиената во училниците, ходниците ,тоалетите и спортската сала се одржуваат многу добро и ги задоволуваат сите потреби како на учениците така и на вработените. Поголемиот дел од вработените ја познаваат мисијата и визијата на училиштето. Училиштето ги реализира еко стандардите по голем број наставни предмети.

Училиштето има донесено Кодекс за однесување на учениците со бр.01-494/3 од 26.8.2024 година каде се поставени правилата и принципите на однесување. Во случај на кршење на правилата на однесување од страна на учениците, се постапува согласно статутот на училиштето во кој е дефиниран Правилникот за изрекување педагошки мерки со бр.01-663/1 од 30.10.2024 година и Законот за средното образование. Има донесено и Кодекс за однесување на наставниците бр.01-494/4 од 26.8.2024 година, има пропишана процедура за постапување во случаи на кршење на правилата од Кодексот. Куќниот ред во училиштето е донесен со бр.01-509/1 од 30.8.2024 година.

Во училиштето постои соработка меѓу вработените, учениците и другите вклучени во воспитно-образовниот процес. Учениците членови на училишната заедница се поканувaат на Наставнички совет, Совет на родители и Училишен одбор.

Дисциплината на учениците е добра. Голем број од наставниците истакнаа дека учениците се однесуваат добро, дисциплинирано во училиштето. Проблемите со дисциплината и редовноста резултираат со изрекување на педагошки мерки согласно Правилникот за изрекување на педагошки мерки кој е составен дел на Статутот на училиштето. Во последните три учебни години изречени се 70 педагошки мерки од нив 51 писмена опомена, 18 педагошки мерки пред отстранување и 1 отстранување. Во училиштето нема закани, провокации, навреди и пишани графити со негативна содржина упатени кон учениците припадници на друга етнички заедници.

Вработените во училиштето се грижат за безбедноста на учениците за време на престојот во училиштето. Дежурствата на наставниците по ходниците за време на одморите се спроведува во целост согласно изготвениот распоред за дежурство кој се изготвува на почеток на учебната година.

Ученичката заедница има програма за работа бр.03-601/1 од 26.9.2024 година, според членовите нивната активност е во однос на организација на матурска забава, матурско табло и организација на екскурзија. Ученичката заедница учествува во разгледување одлуки за прашања што се од непосреден интерес за нив и другите ученици. Недоволно се поттикнати иницијативи за подобрување на условите за настава, наставен процес, не се разгледуваат редовно полугодишни и годишни извештаи за работата на училиштето, и многу малку се иницираат едукативни предавања.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето презема активности за промовирање на постигањата на учениците. Учениците учествуваат на натпревари од општински , регионален ,државен и од меѓународен карактер. Училиштето ги наградува учениците кои учествувале и постигнале значајни резултати на општинско и републичко ниво, со јавно врачување на дипломи и благодарници на одржувањето на Патрониот празник на училиштето на 2 април.

Во училиштето се води евиденција за учеството на учениците на натпревари и освоени награди. Резултатите од постигањата на учениците се внесуваат во полугодишните и годишните извештаи на училиштето. Групните и поединечните постигања на учениците се промовираат во рамките на училиштето, училиштен весник, преку WEB-страната, флаери, социјалната мрежа facebook на училиштето, огласни табли, локалната телевизија.

Училиштето води политика на поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и постигнуват успех на натпревари од локално регионално и национално ниво.

## 5.3. Еднаквост и правичност

Вработените во училиштето се запознаени со правата на децата и можат да ги препознаат случаите на нивно нарушување во практиката. Од учениците, претставници на Училишна заедница, немаше изнесено никакви негативни забелешки за односот кон учениците од страна на наставниците во училиштето.

Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности, кои се застапени во сите пишани документи на училиштето.

Училиштето ги образува учениците да ја почитуваат сопствената култура, вера и традиција, но и да ги почитуваат и културите, верата и традициите на другите етнички заедници. Училиштето е вклучено во проектот на Министерство за образовани и наука за Меѓуетничка интеграција на младите во образованието, преку кој учениците се запознаваат со културата, верата и традициите и на другите етнички заедници , иако училиштето до моментот на вршење на Интегралната евалуација нема партнер училиште.

## 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната заедница

Училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во работата на училиштето, преку формалните законски форми, Совет на родители и Училишен одбор. Комуникацијата на училиштето со родителите се сведува на најмалку две родителски средби во едно полугодие, а има примери и на одржани индивидуални родителски средби. Присуството на членовите на совет на родители на нивните состаноци и на состаноците на училишниот одбор е добро и истите ги застапуваат интересите на родителите во училиштето. Училиштето е отворено за соработка со родителите секој работен ден за индивидуални средби со наставниците.

Родителите се запознаени со програмата за работа на училиштето, со правата и обврските на учениците на родителската средба која се организира на почетокот на учебната година.

Училиштето остварува соработка со локалната заедница. Учествува во одбележувањето на значајни настани, манифестации во општината и при планирање и реализација на проекти кои се од непосреден интерес за подобрување на работата во училиштето.

Училиштето соработува со деловната заедница за реализација на практичната настава кај голем број социјални партнери. Со меморандум за соработка опфатени се повеќе аспекти: практична настава на ученици во самата компанија, опремување на училиштето со нагледни средства , алати и машини и обука на наставниците.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1. Сместување и просторни капацитети

Воспитно-образовната дејност во Средното општинско земјоделско шумарско училиште „Ѓорче Петров“ – Кавадарци, ја остварува во еден објект, сопствена зграда изградена 1959 година прва фаза, втора фаза 1976 и трета фаза во 2016 година и доградба на две училници во 2020 година која е од тврда градба со внатрешна површина на објектот 3.773м$^2$ , со училишен двор од 8.010 м$^2$. Во училишната зграда има 33 училници, една специјализирана училница, односно кино сала за изведување на практични активности, шест кабинети и една спортска сала со спортски терени со површина од 2.850 м$^2$, една просторија за библиотека со мала читална, 16 помошни простории од кои една за директор, една за помошен директор со секретарот, по една за психолог, педагог, архива, една просторија за хигиеничари, остава за спортски реквизити, една наставничка канцеларија, една чајна кујна, една просторија за обезбедување, за секој стручен актив по една мала канцеларија, една помошна просторија за чување на книги и реквизити за секциите и помошна просторија за домакинот. Во училиштето 33 училници се опремени со компјутер и 19 со проектори, една училница е опремена со смарт табла и во две училници има два смарт телевизори.

Наставата се реализира во една смена и просторот ја за задоволува реализацијата на наставата за изведување во една смена . За реализација на настава во една смена училиштето има добиено согласност од основачот, општина Кавадарци, заведена во училиштето со бр.02-213/8 од 19.06.2020 година. Училишниот двор е целосно заграден и делумно е хортикултурно уреден. Училишната зграда располага со сопствено парно греење на течно гориво- нафта. Спортската сала исто така располага со посебно парно греење на течно гориво- нафта.

Училиштето има сопствен видео надзор и располага со 11 видео камери поставени низ училиштето а со тоа е покриен најголем дел на училишниот објект.

Училиштето има план и распоред и максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности.

Последните три години има реализирано инфраструктурни подобрувања како:

✓ Реновирање и реконструкција на санитарните јазли за учениците на приземје и на први кат,

✓ Реновирање и реконструкција на тоалетите кај балетската сала и ставање во нивна употреба.

✓ Реконструкција на балетската сала со целосна пренамена за две училници,
✓ Реновирање на училишната библиотека,
✓ Реновирање на ходникот на први кат кој води до балетската сала,
✓ Промена на вратите на кабинетите на прваиот кат,
✓ Промена - поставување на ново осветлување со штедливи светилки во целото улилиште,

√ Поставување на плочки во ходникот кај преадаптираната балетскта сала
√ Поставување – обновување на нова интернет мрежа на веќе постоечката мрежа,
√ Варосување на холовите и скалите во целото училиште,
√ Замена на старите метални прозорци со нови прозорци и стакло на скаличниот дел кај санитарните јазли за учениците на приземје,
√ Пренамена на кабинетот по оптшонародна одбрана во кабинет по информатика со инсталација на нова електрична и интернет инсталација.
√ Промена на подот на седум училници и кабинети и нивно целосно варосување,
√ Поставување на целосно нова интернет мрежна инфраструктура во 14 училници на приземје и на први кат каде воопшто немаше поставено интернет мрежна инфраструктура,
√ Доградба на една нова просторија за помошно-техничкиот персонал во холот на училиштето,
√ Изградба на спортски терен со вештачка трева за мал фудбал и ракомет, како донација од СФК Карпошово од Скопје,
√ Промена на вратите на училниците во стариот дел на приземје и на први кат, како и промена на вратите на кабинетите на приземје и фискултурната сала.

## 6.2. Наставни средства и материјали

Училиштето располага со стручна литература помалку отколку во однос на другиот библиотечен фонд кој го нуди библиотеката и наставни средства кои соодвествуваат со современите наставни текови. Најголемиот дел практична настава се реализира во други институции. Во последните три години има значително обновување на опремата во кабинетите. Опремата се одржува редовно, односно се заменува старата и амортизирана опрема со нова поради застареност. Дел од нагледните средства со кој располага училиштето се нови, а училиштето има планирано и набавка на дополнителни нагледни средства. Во изминатите три години поради идентификација на недостаток од компјутерска опрема за потребите на наставата набавени се 16 LCD проектори, три принтери, шест лаптопи за наставниците, 10 компјутери преку донација, 47 комплетно ново опремени компјутери со монитори и една интерактивна табла.

Училиштето што ги обезбедува финансиски средства ги искористува за подобрување на материјалните ресурси и условите за реализација на наставата во училиштето.

Училиштето последните три години има извршено набавка на наставни средства и помагала за кабинетот по биологија, хемија и двата кабинети по информатика. На почетокот на секоја учебната година потребите од наставни средства и помагала училиштето ги идентификува преку прибирање на предлози од страна на стручните активи. Идентификувањето на потребите од наставни средства и помагала е добро, следењето на наставата од страна на директорот и стручната служба во текот на годината е добра , односно секој наставник еднаш во текот на полугодие е посетен на час. Од страна на училиштето се врши засилено и планско идентификување и набавување на нови и современи наставни средства и технички помагала, особено во кабинетите.

Во училиштето има училишна библиотека која располага со 12.435 печатни единици со 4.125 наслови,од кои од стручна литература располага со 110 печатени единици, лектири за учениците располага со 7.700 печатни единици, 350 наслови и од слободна литература има 9.210 печатени единици исто толку наслови. Последните три години училиштето има извршено набавки на книги за лектири и тоа 200 броја. Има набавено 28 книги стручна литература

односно енциклопедии и шест лексикони. Училиштето ја планира набавката на основниот потрошен материјал, која ги задоволува реалните потреби на училиштето.

Училиштето нема регистрирана реална или виртуелна компанија.

## 6.3.Обезбедување на потребниот наставен кадар

Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес. Во училиштето се вработени 48 наставници од кои на неопределено работно време се 41 со полн фонд и седум наставници се на определено работно време од кои 44 наставници се со високо содветно образование, четири наставници се стекнале со постдипломски студии –магистри, нема наставници со несоодветно образование. Наставата ја реализираат 45 наставници кои реализираат наставата само во ова училиште а три наставници дополнуваат во други училишта поради недоволен број на часови во училиштето по предметот кој го предаваат. Во училиштето се вработени еден педагог, еден психолог, еден специјален едукатор и рехабилитатор, еден библиотекар, еден секретар, еден архивар со полно работно време, еден помошник директор со полно работно време, еден директор и 10 лица од административно технички персонал. Во училиштето нема родова или друга дискриминација при изборот на наставниот кадар.

Во училиштето наставниот кадар е редовен на работа и ги почитува пропишаните работни задачи согласно законот, статутот и годишната програма за работа. Во училиштето редовноста на вработените и почитувањето на работното време се контролира електронски со дигитален апарт за регистрација на работното време на вработените. Наставниот кадар според стручната подготовка е соодветен согласно нормативите пропишани со Законот за средното образование и нормативот за наставен кадар. Сите наставници кои се вработени на неопределно време поседуваат квалификации и искуства стекнати низ процесот на нивно стручно оспособување. Стручните соработници на училиштето контиурано ја следат работата на наставниците и нивните потреби за професионален развој.

## 6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Идентификувањето на развојните потреби на наставниците се врши преку самоизјаснување и личниот план за професионален развој на наставниците според своите потреби на ниво на стручни активи и делумно преку стручната служба.

Наставниците учествуваат на семинари организирани од страна на Биро за развој на образованието, Центар за стручно образование , Министерството за образование и наука како и проекти кои се спроведуваат од страна на домашни и странски организации. Во училиштето не секогаш се реализираат дисеминации од наставници и стручни соработници за посетените обуки. Стручната служба ги следи усовршувањата и развојот на наставниците и води професионално досие поединечно за секој наставник. Приоритети за усовршувања, обуки и стручно оспособување се реализира врз основа на личниот план за професионален развој по процена на стручната служба која произлегува од следењата на часовите.

## 6.5. Финансиско работење во училиштето

Раководниот кадар во СОЗШУ „Ѓорче Петров" – Кавадарци применува задоволителна постапка за стекнување основни и дополнителни финансиски средства во училиштето и

истите целосно ги искористува наменски за подобрување на одредени активности во училиштето како и за подобрување на условите за реализација на воспитно – образовниот процес. На почеток на годината се изготвува финансов план за тековната година и план за јавни набавки, а на крај на годината годишен финансов извештај. Сите овие документи се донесени од Училишниот одбор и одобрени од основачот.

Училиштето користи три сметки за финансиско работење (сопствена сметка 787-14 и општинска буџетска сметка 903-19, 603-17 ).

Училишниот одбор го следи наменското трошење на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.

Информирање за трошењето на буџетот во училиштето редовно се доставува на членовите на Училишниот одбор, а повремено се доставува и на неформален начин. При креирање на финансискиот план се зема предвид предлогот од наставниците за недостаток на нагледни средства за подигнување на квалитетот во наставата.

Буџетот од прибраните средства од вонредните ученици најмногу се троши за краткорочни цели или приоритети што многу малку се поврзани со подобрувањето на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина.

# 7. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

## 7.1. Управување и раководење со училиштето

Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и статутот на училиштето, водејќи сметка за родовата и етничката структура на Училишниот одбор. Работата на УО е уредена со деловникот за работа на УО. Во деловникот за работа е пропишано законското мнозинство но не и задолжително присуство на најмалку по еден претставник од наставниците, родителите, учениците и основачот. УО нема донесено план за следење на активностите за МИМО. Состаноците се одржуваат и се реализираат во согласност со деловникот за работа. УО редовно ги запознава наставниците и родителите за својата работа. УО има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Училиштето нема обезбедено обука за членовите на УО со цел нивно успешно извршување на улогата на управување. УО учествува во креирањето политики на училиштето во рамките на своите законски обврски. Има примери кога УО преку своите членови обезбедува поддршка од локалната и деловната заедница во подобрување на воспитно-образовниот процес.

Раководниот орган е доволно фокусиран на мисијата и визијата како стратешка определба на училиштето. Ја вреднува и претпочита тимската работа и ги промовира добрите практики во училиштето. Донесува одговорни одлуки и има професионален однос кон работата. За унапредување на своите знаења и вештини раководниот орган повремено посетува обуки од областа на раководењето. Ужива почит кај вработените, учениците и родителите и повремено делегира дел од своите надлежности. Успешно раководи со промените во образовниот систем - новините од областа на средното стручно образование. Во работењето е насочен кон подобрување на постигнувањата на учениците и подобрувањето на квалитетот во работењето на училиштето за што успешно ја подобрува инфраструктурата, но не и снабденоста со нагледни средства и технички помагала и професионалниот развој на наставниците и стручните соработници. Поддржува и помага во воспоставување и одржување на партнерства со другите училишта и јавни установи, со претпријатијата и со локалната заедница.

## 7.2. Цели и креирање на училишна политика

Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика, но не им се дава соодветен приоритет. Целите не се прецизни, јасни и квалитативно мерливи и имаат ограничен фокус кон подобрување на квалитетот на наставата. Многу мал број од вработените, родителите и учениците ги знаат визијата, мисијата и развојните цели и начините на нивно остварување и подобрување.

При креирањето на развојните цели и стратегиите за нивно остварување се вклучуваат голем број од воспитно-образовниот кадар, но само преку самоевалуацијата на училиштето и определувањето на приоритетите за развој на училиштето. Родителите вклучени во органите на училиштето само се запознаваат со развојните цели, мисијата и визијата на училиштето, но не се вклучени во нивното креирање. Учениците не се вклучени воопшто.

Родителите вклучени во Советот на родители и учениците вклучени во младинската организација покажуваат заинтересираност за нивна поголема вклученост во креирањето и реализирањето на развојните цели и училишните политики.

Училиштето нема пишани акти со кои се уредува постапката за креирање на училишните политики. Нема пишани документи за подобрувањето на: политиките за намалување на врсничкото насилството, политики за намалување на семејното насилство, политики за спречување и заштита од дискриминација, политики за еднаков пристап до квалитетно образование за сите и инклузивност. Креирањето на актите се врши во рамките на органите и телата на училиштето. Донесените акти не се изменети од нивното донесување

Училиштето има изработено последна Самоевалуација со бр. 02-467/4 од 19.11.2021 година за учебните 2020/21 и 2021/22 години, во која се забележани јаките страни во работењето, но и слабите страни кои треба во иднина да се подобруваат.

Училиштето има Развојна програма со бр. 02-641/4 од 30.12.2022година за период од 2022 до 2027 година, односно за учебните 2023/24 до 2026/27 година. Изработката на новата развојната програма за период од 2022 до 2026 година, односно за учебните 2022/23 до 2025/26 година е во тек. Годишната порограма за работа на училиштето за учебната 2022/23 не е извлечена од развојната програма од причина што новата развојната програма не била изготвена пред изготвувањето на годишната програма.

Развојни цели во развојната програма за период од 2018/19 до 2021/22 година половично се остварени. Развојните цели за инфраструктурни подобрувања се речиси целосно остварени, (реконструкција и замена на под, замена на внатрешна ограда, замена на електрично осветлување, енергетска фасада, рампа за лица со физички попречености, делумна реконструкција на кров ( само стаклена волна за заштита на енергија ) и развојните цели за набавка на технички и наставни помагала се делумно остварени , десет нови компјутери со микрофони и слушалки за настава од далечина, две интерактивни табли со проектори, 50 компјутери за кабинет по информатика и кариерниот центар и две обични табли. Развојните цели за професионален развој на воспитно-образовниот кадар и за осовременување на наставата преку набавка на нови современи нагледни средства не се остварени.

Училиштето не планира доволно финансиски средства согласно потребите за стручно усовршување на вработените и унапредување на воспитно-образовниот процес. Потребните обуки за вработените се наведени воопштено. Училиштето нема воспоставено систем за дисеминација на стекнатото знаење, но сепак дел од наставниците повремено вршат дисеминација.

Училиштето нема воспоставено систем за идентификување и давање приоритети при обезбедувањето на нагледните средства потребни за подобрување на квалитетот и осовременување на наставата. Потребните од нагледни средства се наведени воопштено.

Мал дел од финансиски средства кои ги обезбедува училиштето се користат за подобрување на материјалните ресурси и условите за реализација на наставата.

# 8. Наоди и препораки

## 8.1. Јаки страни

- Редовни учества на учениците на натпревари по одредени предмети и постигнување на високи резултати со што го афирмираат училиштето.
- Училиштето планира разновидни воннаставни активности со голема вклученост на учениците со што ги одразува нивните потреби и интереси.
- Грижа на училиштето за безбедноста на учениците во училиштето и во училишниот двор во текот на наставата.
- Уредна евиденција за учеството на учениците на натпревари и освоени награди.
- Училиштето на сите ученици им обезбедува реализација на феријалната практика и учење преку работа кај работодавач.
- Добра училишна клима и добро воспоставени односи помеѓу сите вклучени страни во училиштето без разлика на родовата, социјалната и етничката припадност.
- Целосна реализација на развојните цели за инфраструктурни подобрувања
- Раководниот кадар знае, умее и користи механизми за стекнување на дополнителни финасиски средства.

## 8.2. Слаби страни

- Училиштето нема партнер училиште од МИМО
- Недоволна реализација во наставата на дополнителната и додатната настава.
- Недоволна опременост на училиштето со наставни нагледни и технички средства.
- Потреба од пишан акт, протокол, правилник во кој ќе се дефинираат сите видови на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за насилство, односно постапки за постапување во случај на насилство.
- Училиштето нема обезбедено обука за членовите на Училишниот одбор.

## 8.3. Препораки

- Обезбедување на финансиски средства за набавка на наставни нагледни и технички средства, стручна литература.

- Наставниците да имаат диференциран пристап во планирањето на наставата и да ги земат во предвид потребите на учениците што имаат потешкотии во учењето.
- Повеќе да се применуваат техники на учење како дел од современата настава, со цел учениците да станат активни субјекти, а наставникот поттикнувач и насочувач

- Планираните активности во учењето од страна на наставниците да се прилагодат на потребите на учениците.

- Да се набават и постават паметни табли во сите кабинети и училници за да се реализира настава на 21 век.

| | |
|---|---|
| Радица Лазова, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Гордан Стојчевски, Инспектор | |

| | |
|---|---|
| Гордан Трифуновски, Инспектор | |